Човековите активности (урбанизација, интензивно земјоделство, производство на енергија, подобрена инфраструктурна поврзаност и слично) вршат голем притисок врз природата и предизвикуваат фрагментација на природните живеалишта, што претставува голема закана за биолошката разновидност. Воспоставувањето на еколошки мрежи, како нов модел на зачувување на биолошката разновидност, се смета за една од најефикасните мерки за нејзина заштита, истовремено овозможувајќи одржливо користење на природата.

Низ проектот „Развој на национална еколошка мрежа“ во Република Северна Мкедонија (МАК-НЕН), направена е идентификација и мапирање на еколошките коридори за целата територија на земјата, земајќи ја мечката како знаменосен вид.

Кои се значајните аспекти, заради што се дефинираат еколошките (зелени) коридори:

- ✓ Обезбедување слободно движење и комуникација на дивите видови;
- ✓ Овозможување размена на единки помеѓу популациите, што може да помогне во спречувањето на негативните ефекти од вкрстувањето и намалување на генетската разновидност;
- ✓ Повторно воспоставување на популации, кои се редуцирани или елиминирани поради случајни настани, како што се пожари или болести, што во последно време се често појави, како резултат на ефектите од климатските промени;

Во рамките на еколошката мрежа се дефинирани 14 јадрови подрачја и 26 коридори, важни за кафеавата мечка (и сите големи цицачи):



Во рамките на тековниот ГЕФ/УНЕП проект: "Постигнување заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето" (СТАР 5), во рамките на Компонента 2 - Зголемување на ефикасноста на управувањето со биолошката разновидност, отпочната е проектна активност „Два пилот коридори од предложените во Националната еколошка мрежа (МАК - НЕН) селектирани за унапредување и тестирање на специфични мерки, кои вклучуваат локални засегнати страни, за унапредување и реставрирање на шуми со високи природни вредности и други живеалишта“.

**Главна цел** на проектната активност е да им помогне на релевантните државни органи во насока на подобрување на поврзаноста на заштитените подрачја, националната политика и капацитетите за управувањето со коридорите на живиот свет.

**Специфичните цели** на проектот се: избор на два пилот коридори, од предложените во Националната еколошка мрежа (МАК-НЕН), на кои би се изградила зелена инфраструктура, што би било предмет на разгледување со заинтересираните/засегнати страни; помош на централните и локалните власти, институциите за управување со природни ресурси, граѓанското општество и експертската јавност да изградат капацитети за развој на упатства за управување со коридори, како основа за планирање на активностите за зачувување на природата (селектирани коридори) преку вклучување на биолошката разновидност во релевантните сектори.

Во рамки на проектот ќе се спроведуваат следните четири главни актвности:

1. **Преглед на коридорите од МАК-НЕН мрежата и регионални и меѓународни пракси за управување со зелена инфраструктура;**
2. **Консултација, на национално ниво, за избор на два пилот коридори на кои ќе треба да се изгради зелена инфраструктура;**
3. **Изготвување и теститање на мерки за управување со изберените коридори и**
4. **Зголемување на јавната свест и презентирање на конечни резултати**

Оцената и изборот на два коридори, во рамките на овој проект, ќе се базира на критериумите од EU/EPPA Study on Green Infrastructure Deployment and Ecological Connectivity (https://eppanetwork.eu/taiex-eppa-regional-workshop-on-green-infrastructure-and-ecological-connectivity-2/ ).

gef UN environment programme

ДЕКОНС-ЕМА ДРУШТВО ЗА ЕКОЛОШКИ КОНСАЛТИНГ

ПОДОБРЕНО УПРАВУВАЊЕ СО БИОКОРИДОРИ

## Постигнување заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето

## Два пилот коридори, од предлог Националната еколошка мрежа (МАК-НЕН), избрани за унапредување и тестирање на специфични мерки со вклучување на локални засегнати страни, во насока на подобрено управување и реставрирање на шуми со високи природни вредности и други живеалишта

**Во срцето на концептот** на зачувување на екосистемот се врските и интеракциите помеѓу видовите, живеалиштата и ресурсите.

**Зелената инфраструктура** е широк концепт кој треба да обезбеди вклопување на различните природни одлики со инфраструктурните објекти, што треба да го поддржи здравјето и отпорноста на екосистемите и придонесе за зачувување на биолошката разновидност и подобрување на екосистемските услуги.

**Зелената инфраструктура,** промовира интегрирано просторно планирање преку идентификување на повеќенаменски зони и инкорпорирање на мерки за реставрација на живеалиштата, како и планови и политики за користење на земјиштето.

**Еден од најважните столбови** за воспоставување на зелена инфраструктура е EU Зелениот договор, кој Република Северна Македонија, како земја кандидат за во Европската Унија треба да го имплементира заедно со Европската Стратегија за биолошка разновидност за 2030 (EU Biodiversity strategy for 2030) и Натура 2000.




*Извор на фотографии: MES/BLRP*